РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**УПП Бр.** 03-12

**Скопје** 28.09.**2021 г.**

**До**
**Либерално демократска партија**
**Скопје**

**За**
**Претседател**

**Врска:**
**Наш УПП бр.03-12 од 24.09.2021 година**

**Предмет: Одговор на доставена претставка**

Почитуван,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 24.09.2021 година, од Ваша страна доставена е Претставка наш УПП бр.03-12 од 24.09.2021 година, по повод која Ве известуваме за следното:

Агенцијата внимателно ја разгледа поднесената погорецитирана Претставка. Имајќи ги предвид различните толкувања за примената на членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик и опфатот на одредбата, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.09.2021 година го измени Упатството за платено политичко рекламирање за Локалните избори 2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3481/3 од 24.09.2021 година. Советот на Агенцијата одлучи во Упатството да ги преслика одредбите од Изборниот законик. Пречистениот текст на Упатството за платено политичко рекламирање за „Локалните избори 2021“ е достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2021/09/Upatstvo-za-PPR-za-lokalnite-izbori-2021precisten-tekst.pdf.

Воедно, Ве молиме да ја известите Агенцијата за начинот на распределбата на времето за платеното политичко рекламирање, кое ќе го договорите со другите подносители на листи од политичките партии кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје